# Barbarian 490

**BARBARIAN 490** е неселективен (тотален), системичен (транслокационен) фолијарен хербицид наменет за сузбивање на едногодишни и повеќегодишни класести и широколисни плевели

**Известување за опасноста::**
**H411 Токсично по живиот свет во водата со долготрајни последици.**

**Препораки за претпазливост:**
P102 Да се чува надвор од дофатот на деца.
P261 Да се избенува вдишување на прашина/дим/гас/магла/пареа/спреј
P301+P310 АКО СЕ ПРОГОЛТА: итно да се повика центарот за труење или лекар
P302+P352 АКО ДОЈДЕ ВО ДОПИР СО КОЖА: да се измие со многу сапун

P305 +P351+P338 АКО ДОЈДЕ ВО ОЧИ: Внимателно да се испира со вода неколку минути. Да се отстранат контактните леќи доколку постојат и доколку е тоа можно да се стори, продолжете со измивање.

**Состав:** Активна материја:
Glyphosate.................. 490g/L
(во форма на изопропиламино соли)
Коформуланти:............... до 100 g

CAS Бр.:1071-83-6
IUPAC назив:
N-(phosphonomethyl) - glycin

Формулација : Концентриран раствор (SL)

**Број на дозвола 17-897 од 14.12.2015 издадена од Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство на РМ.**

**Пред употреба задолжително прочитајте го приложеното упатство за употреба**

**ДА СЕ ЗАШТИТИ ОД МРАЗ**

**Носител на регистрација и производител: Barclay Chemicals Manufacturing Ltd.,**
Damastown Way, Damastown Industrial Park, Mulhuddart, Dublin 15, Ireland.

Лот број и датум на производство: означени на пакувањето.
Рок на траење: 2 години

Barclay Crop Protection

**КАРАКТЕРИСТИКИ**
BARBARIAN 490 е неселективен (тотален), системичен (транслокационен) фолијарен хербицид наменет за сузбивање на едногодишни и повеќегодишни класести и широколисни плевели. BARBARIAN 490 се апсорбира преку листовите и се транслоцира до кореновиот систем. Затоа е потребно при третирањето плевелите да се во фаза на интензивен пораст, односно да имаат дорбо формирана лисна маса.

**НАЧИН НА УПОТЕРБА**
BARBARIAN 490 се раствора во 100-300 L/ha вода. За таа намена се препорачуваат пумпи со низок притисок (макс. 2 атм.) и со штитници спречувајќи растворот да дојде во контакт со зелените делови на садниците. Кај културите кај кои е забранет било каков контакт со хербицидот, третманот може да се изведе само со селективна опрема.

**ПРИМЕНА И ДОЗАЦИЈА**
BARBARIAN 490 се употребува кај стари (3-4 годишни) повеќегодишни насади, односно:
Цитрусни овошја, Јаболчести овошја (јаболко, круша, дуња, мушмула), Јаткасти овошја (орев, лешник, бадем, костен), Винова лоза и Маслинка.

Култури кои може да манифестираат чувствителност, доколку стеблото не е задрвенето: коскесто овошје (кајсија, цреша, нектарина, праска и слива), киви, цветни и украсни растенија.

Култури кај кои апсолутно треба да се избегне било каков контакт со BARBARIAN 490 при што исклучиво мора да се употребува селективна опрема: градинарски култури (артичоки, домат, модар патлиџан, боранија, грав, грашок, морков, компир), пченка (само меѓу редовите, и да не се користи пред жетва), маслодајни растенија (соја), фуражни култури, ливади и пасишта, луцерка, шеќерна репа и ружа.

Земјоделски површини без култура: пред и после садење на културите, доколку плевелите се појавени, но пред никнење на културата; јагода, зеленчук, шеќерна репка, пченица, јачмен, рж, овес, пченка, ориз, соја, лен, синап, репка, сончоглед, памук, ливади, градини пред сеидба (и кај системи на редуцирана обработка или сеидба без орање), расадување (најмалку од 48 часа од третирањето).

Не-земјоделски површини: рурални и индустриски области, градежни области, седишта на железнички станици, насипи на канали, јами и одводи на суво.

**Дозација** - Третманите може да се изведат на целата површина или на ленти во должина на редот на растенијата или на делови под крошната.
Дозата која се однесува на хектар ефективна површина се одредува според видот на плевелот, и тоа:

1,1-2,9 L/ha: *Alopecurus spp.* (лисичја опашка), *Avena spp.* (див овес), *Hordeum murinum* (див јачмен), *Lolium spp.*(рајграс), *Mercurialis spp.* (просинец), *Poa spp.* (ливадарка), *Ammi majus* (див целер), *Amaranthus spp.* (штир), *Calendula spp.* (невен), *Chenopodium spp.* (дива лобода), *Orobanche spp.* (сина китка), *Portulaca spp.*(толчница), *Raphanus spp.* (дива репица), *Senecio spp.*(крстенец), *Sinapis spp.* (синап), *Stelaria spp.* (ѕвезденка), *Veronica spp.* (велигденче).

2,9-3,7 L/ha: *Agropyron repens* (пиреј), *Carex spp.* (острика), *Cirsium spp.* (паламида), *Euphorbia spp.* (млечка), *Glyceria spp.* (сладокласица), *Hypericum spp.* (кантарион), *Laersia oryzoides* (оризов троскот), *Phalaris spp.* (светливка), *Rumex spp.* (киселец), *Sonchus spp.* (млечен осот), *Sorghum halepense* (коштан од семе и ризоми).

3,7-5,1 L/ha: *Alisma spp.* (воден тегавец ), *Asfodelus spp.* (златоглав), *Butomus spp.* (водољуб), *Cyperus spp.* (смолец), *Ferula spp.* (анасон), *Juncus spp.* (сипка), *Nardus spp.* (кртол), *Scirpus spp.* (ѕука), *Sparganium spp.* (ежоглавче ), *Tussilago spp.* (подбел ).

5,9-7,3 L/ha: *Agrostis spp.* (полевица), *Allium spp.* (лук), *Artemisia spp.* (пелин), *Cynodon spp.* (троскот), *Eracleum spp.* (див пашканат), *Glechoma spp.* (добричинка), *Oxaiis spp.* (красатка ), *Paspalum spp.* (блатен троскот ), *Phragmites spp.* (трска), *Pteridium spp.* (орлов папрат), *Ranunculus spp.* (лутиче), *Rubus spp.* (дива капина ), *Tipha spp.* (шамак ), *Urtica spp.* (коприва), *Daucus carota* (див морков)

8,8 L/ha: *Aristolochia spp.* (волчо јаболко), *Clematis spp.* (повит), *Convolvulus spp.* (слачец), *Rubia peregrina* (див броч)

Грмушки
2,9-4,4 L/ha: *Acer spp.* (јавор), *Fraxinus spp* (јасен ), *Genista spp* (жолтеника), *Salix spp.* (врба), *Sambucus spp.* (бозел), *Vaccinum spp.* (боровинка)



Barclay Crop Protection

7,3-8,8 L/ha: *Calluna spp.* (врес), *Cistus spp.* (рок роза), *Erica spp.*(врес обичен), *Lonicera spp.*(орлови нокти)

**Добра Агрономска Практика (GAP):** да се употреби BARBARIAN 490 само кај плевели во интензивен пораст (20-30 см). Третманот на по никнење е ефикасен само ако плевелите се во почетните фази на пораст (висина макс. 10 см.). Употребата кај плевели во одминати фази на пораст (цветање-плодоносење) може да биде неефикасна.

**Климатски услови:** Вообичаено, ако постои ризик од дожд 6 часа по третманот не се препорачува третирање. Во случај на дожд по третирањето можно е намалување на ефикасноста и хербицидното дејство на BARBARIAN 490. Апликација на BARBARIAN 490 во услови на стрес предизвикан од надворешните фактори (суша, мраз, ниски температури и сл.) може да биде неефективна. Оптимална температура и високата влажност го стимулираат порастот на плевелите, а со тоа и апсорпцијата на BARBARIAN 490.

**Упатства за подготовка на растворот:** Да се стави точната доза од производот во резервоарот на прскалката наполнет до половина со вода, со постојано мешање се додава останатата количина вода се до посакуваниот волумен.

**Период на каренца:** При третирање на маслинката наменета за производство на масло, апликацијата да се изведе најдоцна 7 дена пред бербата.

**Компатибилност:** Да не се меша Barbarian 490 со други фитосанитарни производи. Да не се нанесуваат средства за калцификација, ѓубрива и слични материи 7 дена по третманот.

**Фитотоксичност:** Производот не е селективен и може да биде фитотоксичен, доколку зелените делови од растенијата се третирани, вклучително и нелигнифицирана кора кај некои видови грмушки и дрвја. Се советува да се користат млазници со ограничено распрскување или додатоци кои го ограничуваат распрскувањето. Да се избегнува прскање со распрскување или магла со што може да дојде во допир со други култури, и со тоа предизвикувајќи штети. Да не се прска кога времето е ветровито. Да не се третира стеблото, особено ако не е добро лигнификувано или има рани. Веднаш по третманот да се измијат темелно пумпите и садовите пред да се употребат за други третмани.

**Внимание: ДА СЕ КОРИСТИ ИСКЛУЧИВО ПОД УСЛОВИ НАВЕДЕНИ НА ОВАА ЕТИКЕТА. Одговорноста за евентуални штети до кои дошло при несоодветна употреба на препаратот е кај оној кои го врши третманот. Држењето до наведените упатства содржани во оваа етикета е основен услов за да се обезбеди ефикасност при третирањето и да се избегнат штети за растенијата, луѓето и животните. Да не се третира од воздухоплов. За да се избегнат ризици за човекот и животната средина да се следат упатствата за употреба. Да не се загадуваат други култури, храна и пијалоци или водотеци. Да се работи кога нема ветер. Да се продава во оригинална амбалажа. Да се фрли пакувањето според важечките прописи. Празната амбалажа не треба да се фрла во надворешната средина. Искористената амбалажа не може повторно да се употреби.**

**Производителот гарантира за квалитетот на средството, додека е во оригиналната амбалажа.**
**Производителот не одговара за евентуална штета**
**или послабо делување поради нестручна употреба или неправилно чување**

Barclay Crop Protection